# Living the Lotus

## Buddhism in Everyday Life

8
2025
VOL. 239



## Rissho Kosei-kai of Hawaii Hosts Bon Dance Festival on July 11–12



**Living the Lotus**
**Vol. 239 (Август 2025)**

Објавено од Ришо Косеи Каи
Фумон Медиа Центер, 2-7-1 Вада, Сугинами-Ку,
Токио, 166-8537 Јапонија
Тел: +81-3-5341-1124
Факс: +81-3-5341-1124
Имејл: ливинг.тхе.лотус.рк-интернационал
Жкосеи-каи.ор.јп
Сениор Едитор: Кеиицх Акагава
Едитор: Сачи Микава
Цопѕ Едитор: Александар Димовски
Уредувачкиот тим на Меѓународното
Ришо Косеи Каи

Ришо Косеи Каи е световна Будистичка организација чија света списа е Тројната Лотос Сутра. Таа била создадена од Основачот Никјо Нивано и Ко-основачот Мјоко Наганума во 1938. Оваа организација е составена од обични луѓе и Жени кои имаат верба во Будата и стремат да ја збогатат нивната духовност преку примена на неговите учења во секојдневниот живот. И во локалните заедници и на меѓународно ниво, ние, под водството на Претседателот Ничико Нивано сме многу активни во промовирање на мир и благосостојба преку алтруистички активности и соработка со други организации.

Насловот на овој билтен, Живеејќи го Лотосот- Будизам во секојдневниот живот, ја пренесува нашата надеж за стремење кон практикување на учењата на Лотос Сутрата во секојдневниот живот во несовршен свет за да ги збогатиме и направиме нашите животи повредни за живеење, како што убавите лотосови цвеќиња цветаат во калливо езерце. Овој билтен има за цел да им помогне на луѓето насекаде во светот да го применат Будизмот полесно во нивните секојдневни животи.



# Давајте само пофалби кон другите луѓе

Поч. Ничико Нивано
Претседател, Ришо Косеи-каи

## Основите за подигање на човечки битија

Помеѓу воспитувачите од кои јас учев, преку нивните текстови и други извори, постојат двајца кои делат заедничка философија. Нивната идеја е дека воспитанието не е предавање; да воспиташ значи да фалиш. Еден од нив, Професорот Нобузо Мори (1896-1992), дури оди така далеку да вели дека учителите треба само да ги отвараат нивните усти за да фалат.

На пример, ако децата ги немаат уредно наредено нивните чевли во училишното шкавче за чевли, тоа е работа на учителот да ги среди кога учениците не гледаат. Ако децата стануваат навикнати да ги најдат нивните чевли уредно наредени, тие постепено самите ќе почнат да ги местат нивните чевли уредно внатре во шкавчето за чевли, и тога ш учителот ќе ги пофали студентите. Тоа е тоа што Мори го смета како воспитување и водство.

Слично на тоа, Професорот Ко Хирасава (1900-1989, претходен претседател на Кјото Универзитетот) истакнал дека 'Образование е учење како да се фалат другите,' и во однос на важноста на давање пофалби, рекол, 'Најважното нешто е да се истакне најдоброто во луѓето и тогаш да се всади во нив радост, храброст, и надеж' (Икијо кјо мо јороконде (Ајде да го живееме секој ден радосно), Чичи Издавачка Куќа, 1995).

Јас имам веќе спомнато, неколку пати, на важноста за издигање на човечките битија, пишувајќи нешта како, 'Ајде да издигнеме луѓе – ајде да култивираме луѓе кои имаат ум на сочуство' и 'Ајде да издигнуваме и негуваме умови на луѓе кои го носат товарот на одговорност за иднината.' Ова е затоа што убавината на љубезноста во секое човечко срце ја заштитува нашата убава планета земја и води кон среќата на сите живи битија кои постојат во хармонија на тоа. Сепак, овие двајца луѓе, кои се експерти во едукација и добро упатени во религиија и философија, велат дека основата за воспитување на млади луѓе е да им се даваат пофалби на нив.

Професорот Хирасава исто рекол, 'Во длабочините на вашиот ум, вие имате многу пати повеќе прекрасни нешта отколку што самите знаете. Без оглед на се, бидете самоуверени и правете ги нештата величествено.' Ако овие се зборови на пофалба, во едукативна смисла, тогаш ми се чини на мене дека издигнување на луѓе значи охрабрување на свесност за буда природата, и пофалбата кон нив значи верување во нивната буда природа.

## Верување во и фалење на буда природата

Кога тоа е кажано, фалењето на другите е тешко да се направи. Во реалноста, ние сме понаклонети да завршиме со карање или досаѓање, зар не? Постои изрека која вели дека карањето е неефикасно како ‘оплодување на пченица после пролетната рамноденица, и родителски мислења после возраста од дваесет.’ Единствено е можно да се издигнуваат деца преку нивно карање се до околу возраста од три. После тоа, и посебно кога тие една ш ќе станат возрасни, без оглед колку ги караш или советуваш нив, важните точки нема да бидат пренесени освен ако тие веќе не продреле во нивните умови.

Тогаш што можеме да направиме? Исто како што Исороку Јамамото (1884-1943, маршал адмирал на Кралската Јапанска Морнарица) рекол, ‘Луѓето се само инспирирани ако им покажеш нив како, ако им кажеш како, ако ги пуштиш да се обидат, и ако ги пофалиш.’ Јас исто мислам дека наместо да се караат другите, ние треба да водиме со пример и да ги фалиме нив кога тие успеваат, што ќе ги инспирира нивните умови. Фактички, покасниот дел на овој цитат продолжува вака, ‘Луѓето нема да бидат успешни освен ако не ги надгледуваш нив благодарно додека тие се обидуваат и да им покажеш нив дека им верува ш нив дека ќе ја завршат работата.’ После се, ставот на целосно верување во и почитување на буда природата во другите луѓе е важно за издигнување на човечките битија. Тука ние можеме исто така да видиме и почуствуваме љубов и доверба која некој ја изразува кога му вели на другата личност ‘Потребен си ми.’ Интеракциите како ова прават да другите луѓе ја осознаат нивната сопствена вредност и да им дадат нив радост, надеж И храброст да живеат. Таквите интеракции исто ги водат нивните умови кон желбата да станат како личноста која има потреба од нив.

Претходен министер на Дарма центарот рекол, ‘Со кажување на членовите за заслугите кои јас ги имав примено преку слушање на нив, јас ги фалам нив.’ Ова нé подучува нас важна лекција дека со цел целосно да веруваме во и да ја почитуваме буда природата во себе и другите, нашите умови треба да бидат чесни и искрени. Во спротивно, ние неможеме вистински да ги фалиме нив. Ние кои се надеваме дека ќе издигнеме човечки битија преку нашите ревносни секојдневни практикувања, додека исто така понатамошно ја развиваме нашата сопствена хуманост, секогаш примаме охрабрување и пофалба од Будата, исто та-ка.

(Од *Косеи*, Август 2025)



# Објекти на Ришо Косеи-каи

## Меморијален музеј на Никјо Нивано




Висечки свиток 1: Јинсеи тсуненобун о мамору (Животот значи придржување кон непроменливи принципи и исправниот пат, додека бивање свесен за нашите улоги и позиции).
Висечки свиток 2: Икка гојо о хираку (Едно добро дело може да се прошири и да влијае на другите, како ефектот на бранување).




Меморијалниот музеј на Никјо Нивано бил отворен во 2006 за да се прослави стогодишнина од раѓањето на Основачот. Тоа е место каде посетителите го сретнуваат Основачот, учат од Основачот, и ги следат чекорите на Основачот.

Централната сала во музејот служи како главен простор, каде посетителите можат да ја допрат и почувствуваат природата во родното место на Основачот, Суганума, посебно во променливата убавина на секоја од четирите сезони. Околу просторот, посетителите сретнуваат пет изложбени ќошиња. Тие го следат животот на Основачот преку посетување на ќошињата во низа. Канцеларијата на Основачот исто така е верно пресоздадена, и посетителите можат да имаат близок поглед на пишувачките алатки и мебел кој Основачот го употребувал секојдневно во канцеларијата.

Преку неговите разновидни изложбени експонати и материјали, Меморијалниот Музеј на Никјо Нивано му нуди на секој посетител можност да се сретне со животот и духот на основачот.

### Дали знаевте?

Музејот има специјална изложбена соба каде тематски изложби се одржуваат неколку пати во годината. Преку презентирање на изложби на различни теми – како што се Основачот, Кооснователот, и Лотос Сутрата – музејот нуди простор каде посетителите можат да стекнат нови увиди. Влезот кон изложбената соба е од страната на градината на Хорин-каку Гостинската сала.

* Секоја репродукција или реобјавување на оваа содржина е забранета освен репродукции за лична, некомерцијална, и информативна употреба

# Салата на втората група на аџии













Салата на втората група на аџии служи како објект за сместување каде членовите кои го посетуваат седи штето на Ришо Косеи-каи во Токио престојуваат. Објектор е доволно голем да може да смести многу луѓе наеднаш. Зидот на лобито на салата е украсен со мурал направен од обоени керамички панели кои прикажуваат слика на трите свети Будистички планини, Боговски Орлов Вис (Врвот Гридхракута), Врвот Тиантаи, и Врвот Хиеи, кој ја претставува идејата на Основачот. Во лобито е поставена бронзена статуа на Основачот Нивано. Конструкцијата на муралот ја отелотворува желбата на Основачот за посетителите да се вратат кон потеклото на Будизмот и да го прегрнат духот на Шакјамуни како да е нивен.

### Дали знаевте?

Врвот Гридхракута е лоциран во Индија, Врвот Тиантаи во Кина, И Врвот Хиеи во Јапонија (Шига покраина). Врвот Гридхракута е познат како местото каде Лотос Сутрата била изложувана. Врвот Тиантаи е исто значајно место во историјата на пренесување на Лотос Сутрата од Индија кон Кина кон Јапонија. Основачот на Тиантаи Будизмот, Саичо (767-822), отишол во Танг, Кина, како Јапански пратеник и ја донесол доктрината на Лотос Сутрата во Јапонија.

* Секоја репродукција или реобјавување на оваа содржина е забранета освен репродукции за лична, некомерцијална, и информативна употреба

# Посегнете со срцето на Будата

## Ако вие не ја споделувате Дармата, овој свет ќе биде изгубен

Поч. Никјо Новано
Основачот, Ришо Косеи-каи



Случајно, никој не е способен да ја споделува Дармата вешто на почетокот. За да се биде сигурен, за тоа треба искуство. Тоа е како Јапанско стрелаштво – никој не ја погодува целта со еден истрел на самиот почеток. Повеќето од луѓето ја промашуваат целта. Но со повторувачко практикување, тие почнуваат да ја погодуваат целта од време на време. Преку правење на ова повторно и повторно, тие можат да погодат во суштината се почесто.

Истото е со помагање да се поврзат луѓето со Дармата или да се подобри нивната поврзаност со Дармата. Преку слушање на грижите на многу луѓе за време на дискусиите во Дар-

ма Кругот и слушање на советот понуден од Дарма Кругот олеснувачите, вие повторувачки се ангажирате во поврзувањето на луѓето со Дармата и нивно помагање да ја продлабочат нивната поврзаност со тоа. Како што вие продолжувате да го правите ова, вие на крајот ќе бидете способни, само преку гледање на нечиј лик, да погодите сосема точно кога ќе им кажете на нив, ‘Вие имате ваков вид на проблем, зар не?’ И вие исто ќе ја имате самодовербата да им кажете, ‘Ако мислите за тоа на ваков начин, вие наскоро ќе најдете среќа.’

Во секој случај, важно нешто е да се обидете да ја споделувате Дармата со луѓето. Можно е да има луѓе кои дури не се ни обидуваат да ве слушаат. Можно е да се има луѓе кои, дури и да слушаат, не разбираат. Дури и да е така, вие не треба да бидете разочарани. Како Бодисатвата Никогаш Невреден за почит, преку повторувачки обраќајќи им се ‘Вие можете да бидете буда!’ пат кон ослободување за двајцата ќе се појави.

Вредно е да се спомне ддека во времето на неговото разбудување, Шакјамуни Буда си мислел во себе, ‘Дури и да ја ширам оваа длабока вистина, можно е да нема никој способен да го разбере тоа,’ И тој не бил сигурен: ‘Дали јас треба да го подучувам тоа, или треба да го чувам тоа за себе?’

Во тој момент, Брама – највисокиот бог на древната Индиска религија – ги дознал Будините мисли и жалел, ‘О не! Овој свет ќе исчезне! Ако некој кој се има разбудено кон вистинската Дарма не го подучува тоа, овој свет ќе биде изгубен.’ Брамата тогаш се појавил пред Будата и го молел него да ја подучува Дармата.

Оваа приказна е најдена во една од раните Будистички свети книги познати како Агама Сутра, но постои и слична епизода во поглавјето на Лотос Сутрата ‘Параболата за измислениот град’, во која Брама кралевите го молат Татхагатата Универзална Надминувачка Мудрост да ја подучува Дармата на следниот начин:

‘Тогаш, имајќи го величано будата во стих, секој од Брама небеските кралеви рекол, ‘Ве молам, Светски-Почитуван, тркалај го Тркалото на Дармата, ослободи ги живите битија, и отвори го Патот кон нирвана’’

Јас треба да додадам тука дека зборовите кои Брама му ги рекол на Шакјамуни во Агама Сутрата – ‘Ако вистинската Дарма не е подучувана, овој свет ќе исчезне’ – се чини дека тоа исто се однесува до судбината на човештвото додека ние се движиме во дваесет и првиот век. Ако луѓето низ светот не ги земат учењата на Будата – во најмала рака неговиот принцип ‘биди задоволен со неколку желби’ – при нивните срца и да ги стават нив во пракса, човечноста ќе чекори кон патот на изумирање.

Јас сакам секој во Ришо Косеи-каи да препознае дека вие сте доверени со длабока мисија и да се посветите себеси кон ширење на учењата со голема страст. Ова, јас цврсто верувам, е бодисатва патот кој е во согласност со Будината сочуствителна желба да ги ослободи сите осетни битија.






# A Global Buddhist Movement




## Information about local Dharma centers

facebook

X

Ние ги сметаме за добродојдени коментарите на нашиот билтен Живеејќи го Лотосот : living.the.lotus.rk-international@kosei-kai.or.jp